**С О В Е Т  Н А  О П Ш Т И Н А  Г А З И  Б А Б А - С К О П Ј Е**

# З А П И С Н И К

## Од ДВАЕСЕТ И ВТОРАТА седница
## на Советот на Општина Гази Баба,
## одржана на 13.03.2019 година

**СКОПЈЕ, МАРТ 2019 ГОДИНА**

**З А П И С Н И К**

**Од Дваесет и втората седница**
**на Советот на Општина Гази Баба,**
**одржана на 13.03.2019 година**

Седницата започна во 11,15 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Претседателот на Советот на Општина Гази Баба - **Тони Бојковски**.

На седницата присуствуваа мнозинство членови на Советот, со што истиот можеше да расправа и полноправно да одлучува.

Освен членовите на Советот на седницата присуствуваа: Градоначалникот на Општина Гази Баба, претставници од ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје и претставници од општинската администрација.

Пополнетиот евидентен лист е доказ за присуството на член на Советот на седницата во тековниот месец.

**********

По Нацрт - Записникот од **Дваесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба:

Советот го усвои Записникот од **Дваесет и првата** седница на Советот на Општина Гази Баба, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПО ПРЕДЛОЖЕНИОТ ДНЕВЕН РЕД:**

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

За работата на седницата на Советот го предложи дневниот ред кој е доставен со решението за свикување на седницата, со следниот предлог за **дополнување** на дневниот ред:

Согласно известување од стручната служба на 11.03.2019 година, известени сме дека членот на Советот на Општина Гази Баба - м-р Живко Белчев, поднесе предлог за дополнување на предложениот дневен ред со следната точка:

**9.** Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент".

Предлогот за дополнување на дневниот ред со точката **"9"** беше ставен на гласање и усвоен со **25 гласа "ЗА"**.

Претседателот на Советот констатираше дека усвоената точка е составен дел од предложениот дневен ред и воедно предложи **изменување** на предложениот дневен ред, и тоа:

Точка 9. Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент", да биде разгледувана како **точка 1**, а точките редоследно од "1" до "8" да бидат разгледувани како точки редоследно од **"2" до "9"**.

Предлогот за изменување на предложениот дневен ред беше ставен на гласање и усвоен со **27 гласа "ЗА"**.

За работата на седницата со **27 гласа "ЗА"** беше усвоен следниот:

**Д Н Е В Е Н  Р Е Д**

1. Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент";
2. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година;
3. Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година;
4. Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година;
5. Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година;
6. Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.08-897/36 од 26.02.2019 година;
7. Предлог - Програма за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година;
8. Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје; и
9. Советнички прашања.

**ПРВА ТОЧКА: Информација од овластен градежен инспектор на Општина Гази Баба за бесправно изградениот објект кај "Електроелемент".**

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како предлагач на оваа точка од причина што во салата не è присутен овластениот градежен инспектор, со поддршка од пет советници барам пауза за да се повика овластениот градежен инспектор.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

Претседателе, само што започна седницата и нема смисла веднаш да се бара пауза. Ако има волја оваа точка нека биде претпоследна за да може стручната служба да се подгови.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Точката е јасна, нема потреба стручната служба да се подготвува, потребна е информација од овластениот градежен инспектор.

Претставник од општинската администрација - **Трајан Петровски**:

Ги образложи причините поради кои овластениот градежен инспектор е спречен да присуствува на седницата на Советот, а во својство на раководител на секторот може да даде некои образложенија во нејзино отсуство.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

До раководителот на секторот да истакнам дека оваа точка е најавена уште пред два дена и имавте доволно време да се подготвите. Не è нешто за што не сте запознаени и не сте можеле да се подготвите. Сакавме да дискутираме околу записникот, затоа што ќе дојде ден и за некои работи кои се работат во спротивност со законот, ќе има одговорност.

Претставник од општинската администрација - **Трајан Петровски**:

Даде хронолошки осврт на целокупната постапка и превземените дејствија, од првостепеното решение на овластениот градежен инспектор, постапката по жалба пред второстепениот орган, повторно постапување и донесување на првостепено решение на овластениот градежен инспектор и повторна постапка по жалба пред второстепениот орган, со која жалбата на жалителот (инвеститорот) е одбиена како неоснована. Донесен е заклучок за дозвола за извршување и тоа е последниот акт донесен од страна на овластениот градежен инспектор, која ја води постапката.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Следната седница оваа точка ќе биде повторно на дневен ред. Надлежниот раководител на секторот за инспекциски работи - инспекторат, даде соодветна хронологија, но сега хронологија ќе дадам и јас. Очигледно е со моите мисли сум отиден предалеку, состојбата во општината не è добра и треба да се вратиме во реалноста. Секојдневно сме сведоци на кршење на законите во оваа општина и притоа никој не превзема одговорност за тоа. На Седумнаесеттата седница, одржана на 21.11.2018 година ја имавме за прв пат оваа точка на дневен ред, на која добивме информации од овластениот градежен инспектор за овој предмет, увидот на лице место, изготвениот записник во кој се констатира постоење на бесправна градба. Добивме објаснување од овластениот градежен инспектор кои се дел од усвоените записници *(цитираше делови од записниците од претходните седници)*. На 26.10.2018 година е направен записник за увид. На 24.12.2018 година на Осумнаесеттата седница на Советот, повторно се расправаше по однос на бесправниот објект. Беше дадено објаснување за сите превземени дејствија. На истата седница, раководителот на секторот за урбанизам и градежно земјиште - Благица Блажевска, даде одговор дека инвеститорот нема поднесено барање за издавање на одобрение за градење. Ние сите дускутираме, инвеститорот нема поднесено барање за издавање на одобрение за градење, а на лице место градежните работи се одвиваат непречено !. На истата седница, овластениот градежен инспектор истакна дека при усвојување на жалбата од страна на второстепениот орган, нема суштински забелешки на првостепеното решение, а на лице место сеуште се гради !. На истата седница Градоначалникот на Општина Гази Баба истакна дека постапката мора да се води стручно и во согласност со законот.

Колку е водена стручно ќе утврдат надлежните судски органи. Градоначалникот вети изготвување на информација за овој предмет, но до денес таква информација не сме добиле и тешко дека воопшто и ќе добиеме. Ќе се навратам на Законот за градење во кое е предвидена целокупната процедура за издавање на одобрение за градење, а одобрение за градење нема за тој објект. Има одредби за отстранување на градба, и по тоа не è постапено во конкретниот случај. Има одредби за затворање на градилиште и тоа не е испочитувано. После сите дискусии, можеме да заклучиме дека кршењето на законите од овластени лица во општината е секојдневие. Сведоци сме дека секојдневно по медиумите токму за овој објект се најавува свечено отварање. Објектот е речиси готов и ќе биде нов ВОЛВО центар и покрај тоа што е прекршен законот. Има голема контрадикторност, таков гигант отвара центар кој е бесправна градба. Замислите претставници на ВОЛВО да дојдат и да не посетат како општина и при тоа добиваат информација дека нивните автомобили ќе се продаваат во салон кој е бесправна градба. Јас ве уверувам кога тој гигант ќе дознае што се случува нема да не скријат ни "амазонските прашуми" !. Градоначалникот по медимумите информираше дека бил во посета на државата Израел со надеж дека ќе донесе некое добро искуство оттаму. Е сега во Израел, во градот Ерусалим има ѕид на плачот и нека каже Градоначалникот дали бил таму ?. Ако не бил требало да одите таму и да поплачете, затоа што општината со вакво кршење на законите и постоење на бесправни објекти е за плачење. Тоа бил добар момент за Градоначалникот. Уште одсега најавувам дека на следната седница повторно оваа точка ќе биде на дневниот ред. Без ова да се разреши, како советничка група нема да отстапиме.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Во дискусијата на раководителот на секторот за инспекциски работи - инспекторат има нов момент, а тоа е дека е жалбата на инвеститорот е одбиена како неосновна. Јас предлагам одлуката на второстепениот орган да ја доставите до Советот.

**ВТОРА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година.**

Претседателот на комисијата за финансии и Буџет - **д-р Сашо Кутлешовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 11.03.2019 година.

Комисијата предлага Советот да ги донесе следниот материјали:

- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година;
- Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година;
- Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година; и
- Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за усвојување на Годишната сметка на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ТРЕТА ТОЧКА: Предлог - Одлука за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за распределба на добивката од работењето на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје за 2018 година, со **27 гласа "ЗА"**.

**ЧЕТВРТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Сметам дека од причина што се работи за Годишен извештај за извршување на Буџетот за 2018 година, не è добро да се помине без дискусија. Ова е сликата за нашата општина и ова се бројките во 2018 година, и која е причината да одиме со неразвоен Буџет во 2019 година. Мислам дека многу малку се читаат материјалите за седниците на Советот, добро е да знаме каква била изминатата 2018 година. При расправата за Предлог-Буџетот за 2019 година кој го утврдиме заеднички, покажува дека општината функционира само за редовни обврски, тоа се факти изразени во бројки. Приходите се околу 46% на вкупната реализација. И тоа што го имаме како приход не сме го искористиле соодветно. Оттука дојдовме до овој неразвоен Буџет. Факт е дека не стасаа во општината тие спомнувани и планирани 500.000.000,00 денари од централната власт. Незнам кои се причините, но тие не стасаа. Се надевам дека и доколку се отстранува бесправниот објект кај Електроелемент нема да има финансиски импликации врз Буџетот на општината. Од она што пристига како информација до нас и за случувањата околу Скопски Саем и случувањата кај Електроелемент, се поизвесни се мораториуми на одредени ДУП-ви. Убаво би било секој советник добро да ги разгледа бројките во извештајот. Евидентно е дека и дококу има пари во Буџетот, недостасуваат проекти и нема добра реализација. Програма за урбанистичко планирање има реализација од 31,40% каде во потпрограмите за урбанистичко планирање има искористеност од само 9,9%. Потпрограма за уредување на градежно земјиште - 34,71%. Програма за ЛЕР - 6%. Програма за комунални дејности - 41,22%. Јавно осветлување - 70% значи се работи. Јавна чистота која оди најверојатно преку ЈКП - 89% значи комуналното претпријатие работи добро и има добра искористеност. Потпрограма за изградба на јавното осветлување - 4,9%. Систем за отпадни води - 10,9%, урбана опрема - 45%, заштита за животна средина - 17% а цело време говориме за животната средина. Кај останатите нема воопшто реализација во 2018 година.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Пред фактите и бројките и боговите молчат. Ова е реалност и ваша како Совет и моја како Градоначалник. Јас не сум задоволен од реализацијата од 315.702.678,00 денари или 40,86% од вкупниот Буџет. Општината заедно со секторите има изготвено и аплицирано со 17 проекти во МТВ, МТСП и МЗШВ итн. Не è дека општината нема визија и не сработила проекти. Од кои причини сеуште ресорните групи не разговарале и нема реализација на капиталните проекти, јас незнам. Успеавме околу детските градинки и изградба на улици и патишта. Општината во однос на ДДВ на месечно ниво има околу 4.000.000,00 денари кои не се доволни ниту за плати за вработените, за кои се потребни околу 6.000.000,00 денари на месечно ниво. Тековната состојба е стабилна и тоа е во ред. Се отвараат повеќе врати за првиот квартал. Потпишан е договорот со Светска Банка од околу 72.000.000,00 денари (за вакумската канализација во н.м Јурумлери). Во фаза сме на апликација со основни проекти за четири нови градинки и тоа во н.м Сингелиќ, Инџиково, Трубарево и Ќерамидница. Имаме плус аплицирано и одобрени средства за дневниот центар за посебни потреби во населба Автокоманда. Со овој Буџет се согласуваме дека истиот не е развоен. Веќе за наредната седница планираме и прв ребаланс на Буџетот на Општина Гази Баба за 2019 година, но потребно е да се наполни приходната страна на Буџетот. Продадена е една градежна парцела спроти ФОН од каде очекуваме околу 50.000.000,00 денари во Буџетот на општината. Исто така во делот на обврските кои ги имаме спрема инвеститорите, Компанија Велковски, Пуцко петрол, Скопски Саем, Алкалоид и делот на кванташкиот пазар итн. Во текот на 2019 година во делот на нови инвестиции е ДУП за кванташкиот пазар со потенцијална инвестиција од 20.000.000,00 евра, кој претхоно не беше планиран во приходната страна. Ребалансот зависи и од администрацијата и од Советот, но и од други фактори. Околу новата зграда на општината, тоа е предвидено со Програмата за располагање со градежното земјиште за 2019 година. Земјиштето е расчистено и е во сопственост на РМ.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

Сакам да дадам мало дополнување околу дискусијата на советникот Кутлешовски. Бројките се точни и неменливи, но не ја дава реалната моментална слика. Она што е планирано и тендерирано е реализирано, дури е реализирано и повеќе од тоа. Ако сме планирале 50.000.000,00 денари аукциите се негативни и се спушта цената за работата.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Градоначалник имавте обврска за исплата на регрес за годишен одмор за вработените за 2018 година. Зошто не исплативте регрес за годишен одмор ?

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Имавме две изврши решенија во периодот пред Новата година кога и планирав да се исплати регрес за годишен одмор за администрацијата. Обврската останува и службениците ќе добија регрес за годишен одмор.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

За регрес за годишен одмор говориме. Двете извршни решенија беа многу

претходно. На сметката на општината пред 31.12.2018 година имаше пари за регрес. Признајте дека во тој момент бевте лути. Значи немаше никава причина да неисплатите регрес за годишен одмор за администрацијата. Вие сте менаџер на оваа институција. Демантирајте ме дека сме немале средства. Спомнувате повторно проекти, што ако не дојдат пари во општината, повторно ќе одложите исплата на регрес за годишен одмор ?.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Како Претседател на Совет, морам да истакнам дека оваа состојба воопшто не ѐ добра и како Совет треба активно да се вклучиме околу менаџирањето на општината. Од тие причини предлагам во скоро време координација на Советот со Градоначалникот на општината, по можност следната недела.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за усвојување на Годишен извештај за извршување на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, со **26 гласа "ЗА"**.

**ПЕТТА ТОЧКА: Предлог - Годишна сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година.**

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Годишната сметка на Буџетот на Општина Гази Баба за 2018 година, со **23 гласа "ЗА"**.

**ШЕСТА ТОЧКА: Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.08-897/36 од 26.02.2019 година.**

Претседавачот со седницата на статутарно-правната комисија - **Злата Ташевска**, поднесе извештај од седницата одржана на 11.03.2019 година.

Комисијата предлага Советот **да не го донесе** следниот материјал:

- Предлог - Заклучок за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.08-897/36 од 26.02.2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Не постои друг Градоначалник на општина кој донел толку многу решенија за запирање на прописи донесени од Советот, согласно член 51 став (1) од ЗЛС *(го цитираше решението на Градоначалникот на Општина Гази Баба, бр.08-897/36 од 26.02.2019 година*). Со оспореното решение не ѐ цитирам ниту еден законски пропис кој е повреден со запрениот пропис на Советот. Од тие причини побарав автентично толкување на член 51 став (1) од ЗЛС до Собранието на Република Македонија и поднесов претставка до Државниот управен инспекторат. Од причина што за оваа и за следната точка за кои имам намера да дискутирам се поврзани, ќе побарам пауза и воедно барам од стручната служба да ми ги достави во фотокопија записниците од седниците на комисијата за спроведување на постапки за јавни наддавање, на кои јавната објава бр.1/2019 година била предмет на дискусија, до 01.03.2019 година, кога е одржано јавното наддавање.

Поради изнесеното барам пауза од 15 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседавач на Совет - **Благе Данев**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 15 минути.

**По паузата.**

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Советникот Трајковски го прочита образложението на донесеното решение и должен сум да ги образложам причините поради кои го донесов решението за запирање од објавување, бр.08-897/36 од 26.02.2019 година. Стојам позади образложението на решението во целост. Комисијата за спроведување на постапките за јавно наддавање транспарентно ги води постапките за кои е овластена. Градоначалникот на општината не ги води постапките и не е надлежен за водење на постапките. Дозволете ми да ги цитирам дополнителните услови во јавната објава 01/2019 кои ги побаравме а за кои добивме позитивно мислење и од ресорното министерство за транспорт и врски во согласност со законот. Во објавата, закупецот е обврзан во рок од три (3) години сметано од денот на изградба на стопанскиот објект, да вработи 150 лица. Дополнително е обрзан во период од пет (5) години сметано од денот на изградба на стопанскиот објект да вработи уште 250 лица. Банкарската гаранција за квалитетно исполнување на обврските од договорот во висина од 1.500.000,00 евра во денарска противредност, со важноост од 11 години сметано од денот на одржувањето на јавното наддавање и да ја предаде на денот на солемнизација на договорот со општината. Доколку и ние како општина не ги исполниме обврските ќе платиме камата. За време на изборниот процес неможе ниту да се склучи ниту да се солемнизира договорот. Стопанскиот објект треба да отпочне со изградба во рок од 2 години од денот на прибавување на одобрението за градење и истиот треба да се изгради во рок не подолг од 10 години. Во објавата има и услов за доставување на билансна состојба на вкупниот приходите во последните 3 години од најмалку 50.000.000,00 евра во денарска противредност, се со цел да се јават реномирани фирми и да има гаранција дека стојат позади сработеното и дека нема да ја менуваат својата дејност. Околу изградбата на стопанскиот објект за склопување на шински возила, таков објект има во

опкружувањето во Суботица - Р.Србија. Целта е вработените од поранешна Колска од Велес да се вработат и да продолжат со дејноста. Таму ќе има и логистички центар. Значи не è точно дека ќе има загадување на животната средина и ќе има топилница или емитување на штетни гасови. Фирмата од Р.Чешка која беше единствената пријавена и која наддаде е фирма чија единствена дејност е шинската индустрија а ниту ние како општина ќе дозволиме било каква злоупотреба. ДУП е донесен од претходниот состав на Советот и предложен од претходниот Градоначалник. Да упатам порака до советникот Трајковски и неговите ментори, дека ние не сме виновни што е донесен ваков ДУП. Ние работиме врз основа на економски параметри, јасно и транспарентно.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Поттикнат од тоа што го говори Градоначалникот, да појасниме една работа: Јас немам ментори за разлика од вас кои имате ментори и ги знаеме кои се. За време на паузата од стручната служба се доставени потребните записници од КСПЈН на мое барање. Веќе во неколку наврати Градоначалникот тука од ова говорница јасно истакнува дека одговорноста не е негова, туку на комисијата. Да објасниме накратко, на седниците на комисијата неколку седници наназад имало дилема дали објавата да се поништи или не, од причина што пред Уставниот суд е поведена иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на ДУП од страна на Коалицијата О2 во која како главен аргумент се наведува дека општината на својата веб страница во согласност со законот нема објавено одлука за спроведување/неспроведување на стратегиска оценка на влијанието на ДУП врз животната средина. На 28.02.2019 година комисијата имала седница на која се информирани дека Уставниот суд ден претходно на одржана седница донело решение за поведување на постапка за оценка на уставноста и законитоста на оспорениот ДУП, без да донесе решение за запирање од извршување на дејствија (времена мерка) поврзани со реализација на оспорениот ДУП. Уставниот суд ја прифатил иницијативата од причина што општината немала доказ дека таква одлука е објавена на веб страницата на општината. Пред комисијата се појавила дилема и имало различни ставови. За еден дел од членовите на комисијата, видно од водените дискусии наведени во записниците, донесеното решение за поведување на постапка од страна на Уставниот суд е доволна причина и објективна околност, комисијата да ја поништи објавата во согласност со член 58 од Законот за градежно земјиште. Ова од причина што согласно воспоставената судска пракса на Уставниот суд при постапување по иницијативи за укинување на ДУП во кои како главен аргумент е непостоење на доказ за објавување на одлука за спроведување/неспроведување на стратегиска оценка на влијанието на ДУП врз животната средина, веќе претходно Уставниот суд укинал неколку ДУП-ви на Општина Карпош. Интересно е што иницијативата примена во Уставниот суд навремено била доставена до општината за да ги достави барани податоци до Уставниот суд, но од општината е одговорено дури 50 дена подоцна. *(Во понатамошниот тек на дискусијата пред Советот ја прочита содржината на записниците на КСПЈН и водените дискусии на членовите и претседателот на комисијата)*. Прашувам од ова говорница, зошто претседателот на комисијата на предлог на член на комисијата не дозволил да се гласа за тоа дали да се поништи објавата ?. Евидентно од записниците, ова не бил единствен случај каде не се дозволува гласање пред комисијата. Ова укажува на фактот дека некој вршел притисок врз комисијата. Комисијата одлучува со гласање со мнозинство на гласови од членовите. На 01.03.2019 година е одржано јавното наддавање и избрана е фирмата Локо транс. Ова е во спротивност со Изборниот законик, односно неможе

да се одржи јавно наддавање во период кога се распишани изборите. Од оваа говорница јавно укажувам дека оваа одлука за спроведување на јавното наддавање ќе има долготрајни и штетни последици по општината. Градоначалникот веќе кажа дека тој нема никаква одговорност, туку одговорноста е на комисијата. Ние како советничка група на 18-тата седница одржана на 24.12.2018 година, кога како точка на дневен ред беше Предлог-Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, поднесовме амандман со кој баравме од Предлог-Програмата да се избрише градежната парцела 1.6 чија намена е Г1-тешка и загадувачка индустрија од ДУП за градска четврт С17 Блок 1. Ни беше укажано дека објавата е во тек и може да има штетни последици по општината. Градоначалникот во оваа сала даде ветување дека оваа објава нема да се објави во тековната 2019 година и од тие причини а во интерес на општината го повлековме амандманот и оваа парцела не се избриша од Предлог-Програмата. Локо транс е инвестиција од ВМРО-ДПМНЕ, но во овој момент е јасно дека ова туркање со сила и непостоење на ниту една гаранција дека нема да се промени намената не за една туку за 75 години, дека некој нема да изгради загадувачка индустрија. Да донесен е ДУП од претходниот Совет, но ДУП мора да биде усогласен со ГУП без разлика која партија во тој момент е на власт. Се додека не се промени ГУП нема промена во ДУП. Градоначалникот да каже кој вршел притисок врз комисијата и кој недозволил комисијата да гласа дали да се поништи јавната објава и не се дозволило мнозинството на членови да се произнесе за поништување на објавата. Законот е дециден, вие како Градоначалник немате вина туку вината е на комисијата. Јас ќе поднесам сооодветен поднесок до јавното обвинителство кој ќе ја утврди состојбата, односно дали има незаконски дејанија. Според нас има незаконски дејанија и сигурен сум дека ќе се оформи кривична пријава и ќе се докаже вината. Јас Ве охрабрувам да се издигнете над партиските насоки за да не бидете запишан како Градоначалник кој предизвикал катастрофални последици по општината. Можеби е доцна но можеби и не è доцна, да се вразумите и да се најде начин да се спаси општината од долготрајни штетни поселдици. Назад нема, ДУП ќе се укине од Уставниот суд согласно досегашната пракса.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Сакам да ги разграничиме двете работи односно јавната објава и иницијативата пред Уставен суд. Приложете доказ дека било кога сум имал влијание врз комисијата, уште помалку дека некој ми кажувал што да правам. Влијание врз комисијата немало, нема, ниту пак некогаш ќе има. Комисијата отсекогаш и сега самостојни ги извршува своите обврски. Во врска со оспорениот ДУП пред Уставен суд, одлуката за неспроведување на статегиска оценка била објавена на веб страната на општината. По редизајнирање на веб страната настанал проблем и истата повеќе не била објавена. Каква и да биде одлуката на Уставен суд, а јас знам каква ќе биде одлуката затоа што е запазена законската постапка при донесувањето, ќе се почитува.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Се одважува Градоначалникот полека и признава дека судството е под контрола, затоа што изјави дека однапред знае каква ќе биде одлуката на Уставен суд !. Еве и јас знам каква ќе биде одлуката. Судот веќе констатирал во решението за поведување на постапка, дека општината не доставила доказ за објава на веб страната на општината. Велите дека не влијаете на комисијата а предлогот на член

на комисијата не бил ставен на гласање. Одлуките на комисија се носат со мнозинство гласови. Уставниот суд не поведува постапка за сите иницијативи. Треба да има основ за да се поведе постапка, претходно се определува судија известител кој го работи предметот и на седница му предлага на Уставниот суд дали да се поведе постапка или да се одбие иницијативата. Јас ја знам судската пракса каде е јасно од кои причини претходно се укинати повеќе ДУП-ви на Општина Карпош. И сакате да ми кажете дека немате влијание врз комисијата и не сте информирани дека предлогот не бил ставен на гласање пред комисијата !?. Моменталната концетрација на моќ која постои во државата нема да трае вечно. За две години ќе имаме парламентарни избори и граѓаните ќе одлучат. Вашите пријатели ќе си заминат, денес се на едно место а утре на друго место во зависнот од нивнот интерес. Од се останува трага. Овие записници во иднина ќе бидат предмет на постапка пред надлежен јавен обвинител. Велите дека ќе бидеме запишани како единствени кои поднеле толку многу кривични пријави против Градоначалник на една општина. Како да не поднесеме кривична пријава кога сте свикале седница на Совет, надвор од вашите надлежности !?.

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков**:
(Претседател на КСПЈН)

Пред да ја образложам целата постапка пред комисијата, имајте впредвид дека оваа комисија е една од најквалитетните во Република Македонија со исклучително многу знаење. И ве молам политичката борба да не ја водите преку оваа комисија. Околу постапката, комисијата неможе да се раководи од претпоставки или хипотези при носење на одлуки. Постоење на иницијатива пред Уставен суд не è објективна околност за поништување на објава. Донесено решение за поведување на постапка како во конкретниот случај, исто така не è објективна околност за поништување на објава во согласност со законот, кој не познава претпоставени ситуации врз основа на кои како комисија можете да оцените и определена постапка да ја прекинете. Зарем мислите дека ние како комисија ќе одиме и на сопствена штета или на штета на Советот на општината !?. Ние сме одговорни луѓе. Од оваа говорница беше премолчен и фактот дека на претходните седници, комисијата имала донесено заклучок кој бил усвоен со два (2) гласа против. Во Нацрт-Договорот кој е доставен до Државното правобранителство од кого чекаме мислење е вметнат посебен став со кој се штити општината во ситуација доколку Уставниот суд го укине или поништи оспорениот ДУП (член 5 став 2), што би претставувал основ за раскинување на договорот со закупецот и истиот неможе да бара надомест на штета. Во однос на Изборниот законик, во член 8-а законот вели дека несмее да се оттуѓува државен капитал. Кој оттуѓил државен капитал во ситуација кога немаме воопшто склучено договор со закупецот !?. Очекуваме дека Државното правобранителство нема да се произнесе по однос на Нацрт-Договорот додека траат изборите, и тоа е јасно.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Не è во ред да го манипулирате Советот на општината. Точно е дека заклучок бил донесен од комисијата, но тоа било сторено на седница одржана на 06.02.2019 година кога сеуште не расправал Уставниот суд и не го донел решението за поведување на постапка на 27.02.2019 година. Тука имаме ситуација кога на седница на комисијата одржана еден ден после одржувањето на седницата на Уставен суд и донесеното решение за поведување на постапка, за кое решение мнозинството членови на комисијата сметале дека е објективна околност да се поништи објавата.

Вие како претседател на комисија не дозволувате да се стави на гласање предлогот за поништување на објавата. Добро е што има Нацрт-Договор и се штити општината (член 5 став 2), меѓутоа јас од оваа говорница ќе се извинам на Градоначалникот на општината, ако фирмата закупец - Локо Транс го потпише договорот во кој се содржани овие одредби, кои ги изнесе претседателот на комисијата. Јас сум убеден дека нема да го потпишат, туку ќе му се јават на Градоначалникот да го тргне тој дел за да се потпише договорот. Тоа нема да го има во договорот. Претседателот на комисијата изјави дека решението за поведување на постапката на Уставен суд не è објективна околност за поништување на објавата. Пак ќе повторам, судската пракса на Уставен суд е јасна во овие ситуации и тие ДУП-ви се укинати. Јас го прашувам претседателот на комисијата, зошто не дозволивте мнозинството во комисијата да се изјасни за предлогот за поништување на јавната објава, на седница одржана на 28.02.2019 година ?. Кој ви вршел притисок, кој ви наредил и ве уценувал за да не дозволите мнозинството да се произнесе за поништување на јавната објава и да не се спроведе јавното наддавање на 01.03.2019 година ?. Јас ќе поднесам претставка до ДКСК и сум убеден дека ќе констатираат дека постапката не è законски спроведена. Вие како претседател на комисија на 06.02.2019 година сте овозможиле гласање и донесување на заклучок а истито не сте го озвозможиле на 28.02.2019 година !. Одговорноста е на комисијата. Укажувам на фактот да се почитува законот и овие две одлуки ќе ги донесеме, се со цел да се заштити Советот и како доказ пред идните генерации дека сме сториле сè за да се заштити општината.

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков**:
(Претседател на КСПЈН)

Мојата личност е базирана на чесност и на интегритет. Кој ме познава знае дека сум отпорен на влијание и оттука нема потреба да ми се упатуваат закани. Пак ќе повторам дека комисијата неможе да се раководи од претпоставки или хипотези при носење на одлуки. Постоење на иницијатива пред Уставен суд не è објективна околност за поништување на објава. Донесено решение за поведување на постапка како во конкретниот случај, исто така не è објективна околност за поништување на објава во согласност со законот, кој не познава претпоставени ситуации врз основа на кои како комисија можете да оцените и определена постапка да ја прекинете. Со политички манипулации кон мене, сметам дека не è во ред. Затоа јас инсистирам на етичност. Многу лесно ги изговараме зборовите кои имаат голема тежина.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

Како во мојата претходна диксусија околу реномираната фирма ВОЛВО така и во овој случај имаме реномирана фирма во меѓународни рамки - Локо Транс. Дали оваа фирма е запознаена со состојбите и поднесената иницијатива за оценка на уставноста и законитоста на ДУП и решението за поведување на постапка донесено неодамна од Уставен суд ?. Нудиме нешто некому а во меѓувреме чекаме Уставниот суд да се произнесе. Јас мислам дека ова фирма ќе се откаже од склучување на договор. Во ред е да има развој на општината во интерес на граѓаните, но јас сум скептик во однос на оваа работа.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Околу ова прашање не требаше толку да имаме долги дискусии, туку едноставно требаше да не се објавува јавната објава и да се почека со конечната одлука на Уставен суд. Што ќе се случи ако Градоначалникот сега го потпише

договорот а отпосле со одлука на Уставен суд се укине оспорениот ДУП ?. Кој ќе ги сноси последиците ?. Јас сум на став дека закупецот нема да го потпише договорот со таа одредба во текстот на договорот *(доколку Уставниот суд го укине или поништи оспорениот ДУП (член 5 став 2), тоа би претставувал основ за раскинување на договорот со закупецот и истиот да неможе да бара надомест на штета)* .

Претставник од општинската администрација - **Сашо Трајков**:
(Претседател на КСПЈН)

Договорот е во фаза на нацрт и е прикачен на електронскиот систем. Значи во оваа фаза може да се преговара, но мора да се има впредвид дека ги штитиме интересите на општината. Општината во било која фаза поради неисполнување на договорот може истиот да го раскине. Значи во овој случај немаме оттуѓување на земјиштетото туку само се дава на долгорочен закуп и истото е во сопственост на Република Македонија. Фактот што ќе имаме таков престижен економски оператор на нашата територија со таква логистика, ќе даде силен стимул за идните инвеститори во општината.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Претседателе на комисија, сакате да кажете дека договорот во фаза на нацрт ќе остане и како главен договор кој ќе треба да се склучи? Во ред.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Очигледно е дека дискутираме и учествуваме во расправата само ние советниците од советничката група на коалицијата "За подобра Македонија" а не и останатите советници. Мене оваа работа не ми è во ред. Проблемот е што во старт при изговување на ГУП е сторена грешка и предвидена е намена Г1 - тешка и загадувачка индистрија. Не само за оваа ситуација туку имаме и други две, а тоа се Скопски Саем и објектот кај Електроелемент. Дали сето ова не наведува на размислување за прогласување на мораториум на неколку ДУП - ови. Очигледно е дека нешто во конкретниот ДУП не è во ред и предизвикува сомнеж. Дали може некој да ми објасни што значи поимот мораториум на одреден ДУП и дали тоа можеме да го спроведеме ?. Ако е нешто грешено, редно е да го исправиме а не тука да паѓаат глави без разлика чии се. Подобро е да сме сиромашни но да немаме вакви проблеми. Дали имаме можност да се ревидираат одредени детални планови и искрено после онаква градба како кај Електролемент изградена без одобрение за градење, јас несум да се сруши таков објект но мора да се почитува законот. Работите неможеме да ги водиме со сила. Ако нешто не è направено како што треба во деталните планови, истите треба да се ревидираат.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Мораториум не постои како израз, туку истиот е измислен од тие што незнаат што да прават со затекната состојба. Сите работи поврзани со трите детални урбанистички планови треба да се гледаат одвоено од деталните планови. Несмееме да влеземе во истата замка како некои други општини. Измени и дополнувања на ДУП се сосема друга работа. Ве молам ако некој има било какви докази за злоупотреба на службената должнот и овластувањата, истите да ги достави до надлежните органи. Мораториум е многу лоша порака и дава негативна

слика за општината. Тоа значи деградирање на службите кои вложиле многу труд и време за истите да се донесат. Мораториум е преиспитување како одреден ДУП е донесен. Потребно е најмалку една година за да се поминат сите фази на донесување на ДУП. Имаме ситуација Советот го носи ДУП и истиот Совет носи мораториум на ДУП кој го донел !?.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Јас во својата дискусија спомнав три локации кои предизвикуваат проблем во нормалното функционирање на општината.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Внимателно ги следев сите дискусии за ова прашање. Јас верувам дека Градоначалникот има искрени намери. Ние како партија ДОМ и борци за заштита на животната средина сме дале свој придонес во минатото. Ние не веруваме дека судството во нашата држава е доведено до толку ниско ниво. За Дрисла има мал милион докази дека таа депонија треба да се затвори, а таа сеуште постои. Исто е и со Макстил ништо не се превзема. Фабрика Усје итн. Во насока на диксусијата дека во Нацрт-Договорот е ставена одредба за заштита на општината, јас искрено не верувам во тоа.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот го донесе Заклучокот за отфрлање на решение на Градоначалник на Општина Гази Баба за запирање од објавување на Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, бр.08-897/36 од 26.02.2019 година, со **15 гласа "ЗА", 8 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**СЕДМА ТОЧКА: Предлог - Програма за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.**

Претседателот на комисијата за урбанизам, комунални работи, сообраќај и заштита на животната средина - **Андреа Најденовски**, поднесе извештај од седницата одржана на 11.03.2019 година.

Комисијата предлага Советот да го донесе следниот материјал:

- Предлог - Програма за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката, никој не се јави за збор, го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Програмата за изменување на Програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република

Македонија, на подрачјето на Општина Гази Баба за 2019 година, со **14 гласа "ЗА", 9 гласа "ПРОТИВ" и 1 глас "ВОЗДРЖАН"**.

**ОСМА ТОЧКА: Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје.**

Претседавачот со седницата на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања - **Александар Трајковски**, поднесе извештај од седницата одржана на 13.03.2019 година.

Комисијата предлага Советот **да не го донесе** следниот материјал:

- Предлог - Одлука за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје.

Претседателот на Советот отвори претрес по точката.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Имам едно прашање до предлагачот, дали имал информација дали предложениот кандидат кој е од населба Хиподром има кривична позадина, односно за истиот има изречено пресуда, односно дали тоа е земено впредвид при предлагањето, неговото насилничко однесување во местото на живеење.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Колега Ристов, ќе направиме една споредба. Дали вие имавте впредвид дека Зоран Заев е аболициран криминалец кој земал 8.000.000,00 евра и беше аболициран од претходниот Претседател на Република Македонија - Бранко Црвенковски, односно ослободен од кривично гонење !?. Вам не ви смета Зоран Заев а ви смета предложениот кандидат за член во училишен одбор, кој понесен од толпата влегол во Собрание на Република Македонија и истиот е амнестиран со закон кој вие го донесовте !.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Манипулирате со тезите колега Трајковски. Прво погледнете ја одлуката на Врховниот суд каде за предметниот настан (Глобал) не è констатирана никаква вина од тогашниот в.д Претседател на СДСМ Зоран Заев. Споредбата не è соодветна. Јас прашав дали при предлагањето за член на училишне одбор сте го зеле впредвид неговото локално насилничко однесување ?.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Прво, таква одлука од Врховниот суд не постои. Постои одлука за аболиција од претходниот Претседател на Република Македонија, со која се запира кривичното гонење.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

Ако се точни информации дека предложениот кандидат има насилничко однесување, дали тоа не è доволно дека тој нетреба да биде во училишен одбор. Вие самите не треба да се понижувате и истиот да го предлагате за член на училишен одбор.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Како претседател на комисијата за мандатни прашања, избори и именувања кој е предлагач, само сугерирам во интерес на училиштето да се прејде на гласање за оваа точка. Потоа да ги видиме сите членови на училишниот одбор, какви дејанија локални имаат и да видиме после кому ќе му биде срам.

Член на Совет - **м-р Мартин Ристов** (коалиција предводена од СДСМ):

Мало дообјаснување до колегата Трајковски, уште еднаш се потврдува дека за многу работи говори паушално. Околу процесот "Глобал" целата постапка и од Управниот суд и од Врховниот суд е утврдено дека е законска. Мое право е да го изнесам мојот став. Јас овој предлог нема да го гласам. Целиот сомнеж за постапката се однесува на тоа, како тоа после расправата на претходната седница околу екскурзиите во училиштето, имаме оставка на член на училишен одбор и сега се предлага друг.

Член на Совет - **Александар Трајковски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Во истиот училишен одбор има и други со проблематично однесување.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

При расправата за програмата за екскурзии, после дадената пауза знаете дека го посетивме училиштето и сакавме да присуствуваме на седница на училишниот одбор, каде бевме сведоци на насилничко однесување, секретарката не беше достапна и преку ноќ се измени записникот од седницата на училишниот одбор. И вие говорите за нечие насилничко однесување !?. Претходниот член кој даде оставка тоа го стори под притисок, несакајќи да учествувува во незаконски постапаки.

Претседателот на Советот го заклучи претресот по точката и истата ја стави на гласање.

Советот ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за разрешување и именување на претставници на Општина Гази Баба во училишниот одбор на ООУ "Вера Јоциќ" - Скопје, со **14 гласа "ЗА" и 10 гласа "ПРОТИВ"**.

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Поради потреба од координација околу поставување на советничките прашања, барам пауза од 15 - 20 минути. Барањето е поткрепено од 5 советници.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Исполнети се условите во согласност со Деловникот.

Давам пауза од 20 минути.

**По паузата.**

**ДЕВЕТА ТОЧКА: Советнички прашања.**

Член на Совет - **Андреа Најденовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога се асфалтирале улиците во н.м Трубарево, дали истото е правено селективно, согласно реакции од граѓаните ? ;

2. На улица "Фуштанска", кога ќе се санираат ударните дупки и дали нешто ќе се превземе околу зголемениот број на кучиња скитници ? ;

3. Дали и кога ќе се асфалтира улица 1633 во Каменик во с. Сингелиќ ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски:**

**(одговор на прво прашање)**

При асфалтирање на улиците во н.м Трубарево немало селективен пристап. Тоа лично го гарантирам. Почнавме од Пуста кула иако 6 улици се во надлежност на Општина Илинден. Во н.м Трубарево и Инџиково е пристапено неселективно. Тоа не сум го правел ниту имам намера да го правам.

**(одговор на второ прашање)**

Тендерот е завршен, имаме програма по која работиме. Фотографирани се сите ударни дупки и на главните и на споредните улици и можеме да почнеме со работа.

Проблемот со кучињата скитници не è само на улица "Фуштанска" туку и на други улици во општината. Град Скопје има посебен диспечерски центар како посебно јавното претпријатие. Покрај Вардариште, во затворот Идризово има посебни хали кои се реновираат и треба да бидат крајно решение за овој проблем.

**(одговор на трето прашање)**

Не е само улицата 1633 има барања и за други улици, на пример во населбата Камник имаме уште 4 улици за асфалтирање. Минатата година асфалтиравме преку 15 км локални улици. Започнуваме со работа следната недела. Веќе се работи во село Сингелиќ, во Трубарево треба да се заврши, исто така треба да се завршат 2-3 улици во Инџиково, во Црешево имаме 2 крака, во Брњарци и други места. Од понеделник се стартува.

Член на Совет - **Дијана Илиевска** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога ќе отпочне изградбата на фекалната канализација во н.м Црешево ? ;
2. Кога на жителите од н.м Раштак (од ниската зона) ќе им се обезбеди водоснабдување ?; и
3. Дали населените места од Црешево нагоре ќе добијат асфалтирање на дел од предвидените улици ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски:**

**(одговор на прво прашање)**

Во годишната програма населените места Смиљковци, Црешево и Виниче се опфатени со плановите за изградба на фекална канализација во тековната година. Основниот проект е изработен, извршена е ревизија и пари се одобрени. Динамиката зависи од тоа како ќе се одвива тендерската постапка. Се планира и пречистителна станица за овие населени места.

**(одговор на второ прашање)**

Во н.м Раштак знаете дека високата зона ја завршивме. Деновиве веќе се одвива приклучување кон системот. Во ниската зона иако не è наша обврска треба да се постави цевка во должина од 840 метри од примарниот дел се со цел и тие жители да бидат обезбедени со чиста вода за пиење. Во делот на Раштак и Чурковско маало. Обезбедивме грант од Светска банка во висина од 4.000.000,00 денари само за н.м Булачани. Со санација на каптажите и каптажниот систем, таму се некаде 7-8. Кај дополнителен резорвоар во Чурковско маало треба да се санира едно црево, и тој ќе биде и за Раштак и за Булачани. Договорено е и поставување на водомери во сите домаќинства и тука нема никаква дилема.

**(одговор на трето прашање)**

Минатата година асфалтиравме поголем дел од улиците во руралниот дел на општината, но не треба да ги заборавиме улица 516 и 514 во Ќерамидница, новопроектирана улица 1 кај ФОН. Имаме обврски и во Триангла, Маџари 1 и Хиподром 2. Асфалтирањето е поважен дел и треба да се утврди динамика на овој план, затоа што тоа го очекуваат граѓаните. Во идниот ребаланс на Буџетот треба да се зголемат и средствата за оваа намена, односно нетреба да дозволиме граѓаните да газат во кал.

Член на Совет - **Благе Данев** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дало може нешто да се превземе околу проблемот со постојаното укинување на автобуски линии во н.м Питу Гули во летниот период, за кој проблем постои и писмо од граѓаните ?;
2. Дали се планира довршување на асфалтирањето на улици во н.м Питу Гули ?;

3. Дали оваа година ќе се направат проекти за двата канали во н.м Инџиково, едниот на потегот кај ''сува чешма'' во н.м Инџиково и вториот на потегот од улица ''Финска'' до автобуската станица ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски:**

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Знаете дека воведување на автобуски линии е во надлежност на Град Скопје, но ние како општина ќе излеземе во пресрет. Кога ќе заврши учебната година, ќе оствариме контакт со директорот на ЈП ЈСП - Скопје и ќе кажете кои линии се најприоритетни и треба да останат. Нормално е за тие линии да имаме економска оправданост и доволен број на корисници.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Околу асфалтирањето рековме дека тоа што е започнато и ќе се заврши. Вие бевте сведок дека сите улици ги асфалтиравме неселективно и така планираме и да остане.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Околу двата канали, за тој покрај Финскиот парк треба да контактираме со АД Водостапанство - Подружница Скопско поле, затоа што тие се надлежни за одржување на каналите и каналската мрежа, за кои за одржување секоја година плаќаме од општинскиот буџет околу 3.800.000,00 денари. Потребно е да се направи инфраструктурен проект за трајно решавање на овој проблем, како што е тоа направено за н.м Сингелиќ со каскадно уредување со камени бетонски плочи, два тротоари и пешачка зона. Околу инџиковскиот канал треба да се направи еден мост. Сепак потребно е да имаме инфраструктурен проект, кој може да биде изготвен во период не пократок од 6-8 месеци за да ги планираме средствата, дел од општината а дел ќе бараме од од МЗЖСПП.

Член на Совет - **Злата Ташевска** (коалиција ''За подобра Македонија''):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Кога ќе отпочнете со работа на улица ''519'' во населба Ќерамидница ?;

2. Од УЗ Кирил Петрушевски бараат просторија за работа на урбаната заедница, изградба на крак на улиците: Бориевое Милошевски, Вера Радосављевиќ и Зендел Џемаил, поставување на улично осветлување кај ''Комуна'' и улица Димче Милошевски, како и и разрешување на проблемите со старата депонија кај Вардариште.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски:**

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Улицата 519 е веќе влезена во буџетот за оваа година. треба да се види дали ќе бидат доволно планираните средства. Треба заеднички да ги утврдиме приоритетите се разбира во согласност со средствата кои ни стојат на располагање.

**(одговор/и на <u>второ</u> прашање)**

Немаме просторија за сите урбани заедници (вкупно 25) меѓу кои и за УЗ Кирил Петрушевски, и ќе треба да размислиме на тој план. Најдобра локација е домот на културата во Маџари по претходна реконструкција, таму да биде сместена урбаната заедница. Втора потенцијална локација е во просториите на ЈКП Гази Баба - 2007 - Скопје, кои се во општинска сопственост, се со цел да не се плаќа наем.

Околу краците на споменатите улици, таму се работи за вкупно 300 - 400 метри. Во моментот се работи на нов ДУП за кванташки пазар, кој е пред одобрување. Така да улицата што поминува покрај пазарот ќе се реконструира како приоритетна, како и другите 2-3 крака исто така во тој дел.

Околу депонијата кај Вардариште, во моментот се изведува фекален колекторски ситем на новопроектираната улица 1 кој поминува од Аеродром, преку Вардариште и треба да заврши кај ФОН и Ќерамидница. Тој треба во себе да ги собере сите постоечки фекални колетори кои гравитираат во тој дел. Проблемот е сериозен. Студијата од 2014 година укажува на многу тони на отпад. Проблем се и подземните води. Во РМ нема фирма со вакво искуство околу стари депонии. Се разговара и со фирми од Австрија и Германија кои имаат искуство се со цел отпадот да се искористи за производство не електрична енергија. Депонијата е затворена, но проблемот сеуште постои и за Скопје и за Гази Баба поради постоење на метан.

Член на Совет - **Милка Видовска** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Кога ќе започнат со настава учениците во новата зграда на училиштетот "Вера Јоциќ" ?;

2. До каде е изградбата на спортската сала и што е со старата зграда на училиштето, односно дали ќе се сруши ?;

3. Кога граѓаните во населбата Хиподром 2 ќе добијат питка вода за пиење и улично осветлување ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски:**

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Новата зграда на основното училиште "Вера Јоциќ" е комлетно завршена и останува само приклучок на топловодното греење, од причина што ниту ние ниту МОН обезбедивме средства за оваа намена, кои се во висина од околу 15-18.000,00 евра. Денес склучив договор за донација и обезбедени се тие средства. Инвентарот во училиштетот е примен и уредно заведен во регистар. Веќе следната недела мислам дека ќе се заврши со сите обврски.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Одобрение за изградба на спортската сала е издадено и таа ќе се гради. Истата ќе чини околу 400.000,00 евра. Средствата се обезбедени, има основен проект. Наша обврска е да се отстранат темелите од старата спортска сала, за да може да отпочне изградбата на новата сала. Мене нема да ме видите да се сликам ниту тоа имам намера да го правам во тек на изборен процес. Само ќе објавиме дека е отпочнато со изградба.

Во врска со старите бараки на училиштето, во план е една барака да се искористи за потребите на граѓаните и урбаната заедница а останатите ќе се срушат.

**(одговор на т<u>рето</u> прашање)**

Во Хиподром 2 главните водоводни цевки се веќе поставени и таму има вода. Подетални информации ќе добиете од службеникот Светислав Апостолов. Останува само приклучоците за зградата на "два брата" каде се вселени 7-8 семејства. Останува уште еден дел од фекалниот колектор кај Инџиково да се изгради. Околу уличното осветлување исто така ќе добиете информации од службеникот. Хиподром 2 мора да ни биде приоритет. Таму веќе живеат луѓе, има секојдневни кражби и луѓето оправдано не се чувствуваат безбедно.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

Хиподром 2 е населба која егзистира. Таму има ингеренции и Град Скопје и во разрешувањето на проблемите кои ги имаше околу водоснабдувањето, помогнавме и ние како општина да може да се направи обиколна цевка Ф 200 за да се реши комплетно водоснабдувањето за населбата. Беше констатирано и диво приклучување, но не би навлегувал околу тоа. Сега имаме пратено барање до ЈП Водовод и канализација - Скопје, за приклучување на уличните цевки Ф 160 по должина на сите направени улици кои реално и не се направени. Имаме доставено и 2 проекти за сите планирани градежни парцели и ќе видиме дали ќе ги прифати. Ако ги прифати и се реализира, ќе се постапи. Ние вршевме санација на нешто што требаше да биде изградба. Самото индивидуално поврзување на водоводната мрежа ќе биде овозможено одкога ќе се изврши неопходното хлорирање. Имаме поднесно барање за хлорирање. Околу фекалната канализација оној дел кај тениските игралишта, Градот Скопје има предвидено и планирано главни колекторски линии и имаат ингеренции да бараат од ЈП Водовод и канализација - Скопје хидротехнички услови. Без тие главни колектори тој дел нема каде да се приклучи. Сите наши напори се во таа насока. Околу уличното осевлување добивме донација во електрични столбови од Македонски телеком.

Член на Совет - **Валентина Петровска** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали се планира санирање на паркинг просторот помеѓу објектот на детската градинка и трговскиот центар во населба Автокоманда и кога се планира поставувањето на двата монтажни паркинзи во населбата ?;

2. Има реакција на зголемено присуство на куќиња скитници во населба Автокоманда, забележани се и напади на деца и возрасни. Бараме да се ангажира шинтерската служба;

3. До каде е изградбата на фекалната и атмосферска канализација на улица Лазар Поп Трајков ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски:**

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

За населбата Автокоманда има постојано поплаки околу паркинг просторот. Во фаза сме на носење на нов ДУП за Автокоманда со кој ќе се исправи една неправда која таму е сторена, а тоа е проблемот со паркирањето. За оваа година во план е изградба на монтажниот паркинг кај Комерцијална банка со нови 76 паркинг места покрај постоечките 74, односно ќе има вкупно 150 паркинг места. Се планирани вкупно 3 монтажни паркинзи во Автокоманда. Изгадба на еден паркинг простор чини околу 300.000,00 евра кои не се мали пари. Кај руската зграда може нешто да се стори за обезбедување на дополнителни паркинг места. Проблемот е што ние како општина немаме сообраќајни инженери. Се планира и во комуникација сме со Град Скопје за изработка на сообраќајно решение за целата населба Автокоманда. Имаме изготвено и идејно решение за новиот булевар Хрватска кој треба да се спои кај Дијамант завршувајќи кај кружниот тек кај Железара.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Ни како општина знаете дека немаме шинтерска служба. Ќе ги задолжам службите да остварат контакт со новата шинтерска служба, ќе им се дадат локациите каде има зголемено присуство на кучиња скитници. Тие треба да си ја извршуваат својата обврска, односно не само да се врши чипирање и истите да се пуштат туку да се најде трајно решение на проблемот.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Фекалната и атмосферска канализација на улица Лазар Поп Трајков е тесно грло.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Кога ќе започне реализација на фекална и атмосферска канализација, водовод и асфалтирање на улица Палмиро Тољати со краците?;

2. Кога ќе се заврши кружниот тек на водоводната мрежа на улица Товарник ?;

3. Кога ќе се предаде владението на просторијата на избраниот совет на УЗ Маџари 2, со оглед на тоа дека немаат просторија ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Нормално е како место на живеење улицата Палмиро Тољати да ви биде приоритет. За ваша информација, улицата Палмиро Тољати за оваа година не è во план во делот на фекална и атмосферска канализација како и за водоводна мрежа. Согласно информациите со кои располагам, за оваа година се планирани улиците за кои има готови проекти за фекална и атмосферска кнализација, како и за водоводна мрежа, а тоа се: Христофер Жефаровиќ, Антон Попов и еден дел во населбата Триангла. Истото е и со улица Товарник која не е влезена во планот за тековната година. Попрецизни информации ќе добиете од службеникот Светислав Апостолов.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Околу кружниот тек на водоводната мрежа на улица Товарник, попрецизни информации ќе добиете од службеникот Светислав Апостолов.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

Во урбаниот дел на општината околу сите хидротехнички водови, надлежноста е на Град Скопје. Околу кружниот тек, водоводната мрежа на улица Товарник, ЈП Водовод и канализација - Скопје ја нема примено. Се додека не се обезбедат сите согласности неможе да се издадат хидротехнички услови. Околу Палмиро Тољати годинава можеме како што и претходно сте запознаени, да одиме само со проектна документација и се надеваме дека оваа година барем тој дел ќе се заврши. Сите налози се дадени на избраната фирма која треба да ја изготви проектната документација. Ништо нема да се пропушти во секој случај.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Јас немам таква информација, односно дека имало проблем околу просториjата на УЗ Маџари 2. Генерално сум пријатно изненаден од активностите на сите УЗ и МЗ од моментот на избор на советите до денес.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Барање од МЗ Стајковци за отстранување на објект "Григос" - времен објект во еден дел во сопственост на општината. За тој дел има и општи акт и треба да се реализира. Барањето за отстранување на објектот е поради опасност по жителите и сообраќајот;
2. Кога ќе се постави хоризонтална и вертикална сигнализација кај обиколницата ?;
3. Кога ќе се реализира одлуката на претходната Влада на РМ за асфалтирање на преостанатите 56 улици во н.м Стајковци ?
4. Кога ќе се реализира одлуката на ЈП Водовод и канализација - Скопје за менување на водоводните цевки во н.м Стајковци ?
5. Кога ќе се реализира одлуката на претходната Влада на РМ за изградба на нетипска спортска сала во н.м Стајковци, за која имаме проект кој се наоѓа две години во МОН, а за која има обезбедено и локација ?;

6. Кога ќе се реализира одводниот канал на улица 6 во н.м Стајковци ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Околу барањето од МЗ Стајковци за отстранување на објект "Григос", јас разговарам со жителите. Таму има барање за легализација за дел од времениот објект, кое нема правен основ и треба барањето за де се одбие и објектот да се сруши.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Околу хоризонтална и вертикална сигнализација кај обиколницата, тоа е решено во два чекори. Мината недела упативме барање до ЈП Улици и патишта за обележување на хоризонтална и вертикална сигнализација кај сите 11 основни училишта. Во договор сме со ЈСП да има лежечки полицајци пред секое училиште, за кој е потребен посебен проект и треба да добиеме согласност од МВР и Град Скопје.

**(одговор на <u>трето</u> и <u>шесто</u> прашање)**

Околу асфалтирање на преостанатите улици во н.м Стајковци, остана уште мал дел од асфалтот неискористен од ЈП Македонија пат наменети за улиците 1 и 5. Сите други ја завршија својата обврска. Треба да се оствари контакт со директорот за да се искористи преостанатиот дел од неискористениот асфалт записнички констатирано. Приоритет се четири улици и крак во Попово маало, три краци на улица 1 и улица 26 кај амбулантата која има приоритет. Комплетнот проект за одводна канализација за улица Антон Велковски е изготвен.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

Потребен е инфраструктурен проект (за одводна канализација за улица Антон Велковски кој во моментот се изготвува). Основен проект веќе претходно имаме изготвено. Целиот проект неможе да се заврши од причина што нема предвидено доволно финансиски средства.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

**(одговор на <u>четврто</u> прашање)**

Околу менување на водоводните цевки во н.м Стајковци, од страна на ЈП Водовод и канализација се на став дека треба како општина за секоја улица да изработиме инфраструктурен проект, што е непрактична работа според мене. Преговорите сеуште се во тек. Ова е проблем за сите населени места. Проблем е што не се исцртани постоечките улици, и од тие причини не се превземени од ЈП Водовод и канализација - Скопје. Ситуацијата е многу сложена.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Имаме апсурдна ситуација, каде ЈП Водовод и канализација - Скопје не ја превзема водоводната мрежа од причина што тие улици не биле исцртани, а истовремено нема проблем да наплаќа за потрошена вода од граѓаните !?. Само во н.м Стајковци на годишно ниво на име на сметки имаат приход од околу 60.000,00 евра. Како тоа не превземаат одговорност за таа мрежа, а наплаќаат. По кој основ наплаќаат !?.

**(одговор на <u>петто</u> прашање)**

Околу нетипска спортска сала во училиштето Кирил и Методиј во н.м Стајковци, таа е во план за изградба оваа година. Иста таква нетипска спортска сала се планира и во училиштето Наум Охридски. За ваша информација аплициравме и за изградба на нова зграда на училиштето Крсте Мисирков за следната година. Имаме комплетен проект и истиот е доставен до МОН.

Член на Совет - **м-р Живко Белчев** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали е изготвена проектна документација за атмосферска канализација за улица Сава Михајлов ?;

2. Кога се планира решавање на проблемот на раскрсницата Стајковци - Арачиново ?;

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Нема проектна документација за атмосферска канализација за улица Сава Михајлов. Службеникот Светислав Апостолов доби задолжение за изготвување на идејно решение за инфраструктурен проект, за да отпочнеме сами како општина да го решаваме овој горчлив проблем. Ако чекаме на ЈП Водовод и канализација - Скопје, тоа нема да се случи поради тоа што имаат обврски на сите страни. Не е само таа улица туку и сите улици околу училиштето 25 Мај се заборавени од поодамна. Тој проблем сакаме да го решиме со поврзување со колекторот во Инџиково.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Раскрсницата е проблем од поодамна. Тоа е во надлежност на Град Скопје поради регулационите линии. Наш и предлог на Општина Арачиново е тоа да се реши со кружен тек за да се избегне проблемот со неработење на семафорите.

Член на Совет - **Благој Атанасов** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали ќе се најде решение за паркот кај пензионерскиот дом во населба Железара ?;

2. Дали ќе се овозможи пристап за хендикепирани лица до спортската сала во училиштето Григор Прличев ?;

3. Дали споредните улици во населба Железара се чистат (крак на Гемиџиска)?;

4. Дали ќе се расчисти десната страна на патот од Бутел према Железара, кој е нерасчистен и неможе да се пешачи ?;

5. Дали може да се постават неколку клупи на улица Гемиџиска на патот према амбулантата, како молба од жителите ?

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Старата барака во училишниот дом треба да се легализира и да биде сопственост на општината, за потоа да можеме да правиме било што. Во Железара недоставува простор.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Немав информација дека нема пристап за хендикепирани лица до спортската сала на училиштето Григор Прличев. Оттука го задолжувам службеникот Светислав Апостолов да изготви налог за да се направи пристапна патека за хендикепирани лица, од ракофат до пристап. Искрено не сум забележал дека нема пристап за оваа категорија на лица.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Јавната депонија на кракот на Гемиџиска е проблем од поодамна. Прво е неосветлен и од тие причини се користи за одложување на отпад и градежен шут од несовесни граѓани. Ние ќе го исчистиме и останува да видеме како ќе се контролира. Оттука го задолжувам службеникот Трајан Петровски да се затвори пристапот за да се оневозможи одложување на отпад и градежен шут. За ваша информација, паркинг просторот спроти Железара кој е израснат, изготвен е инфраструктурен проект за да се искористи и за паркинг и за полигон за возила со придружни содржини.

**(одговор на <u>четврто</u> прашање)**

Расчистувањето на десната страна на патот од Бутел према Железара, кој е нерасчистен и неможе да се пешачи, тротоарот е функционален но треба да се расчисти обраснатоста.

**(одговор на <u>петто</u> прашање)**

Ќе се поставаат и клупи и корпи за отпадоци на улица Гемиџиска на патот према амбулантата, само ќе треба точна локација каде сакаат граѓаните да се поставаат.

Член на Совет - **Елизабета Стојменова** (коалиција "За подобра Македонија"):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали ќе се најде решение за паркинг простор кај кулите број 42 и 45 ?;

2. Има реакција од граѓаните на улица Тајмишка, тоа е тесно грло спрема Еуростил. Дали има можност или размислување да се направи едносмерна улица ?;

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Во делот на паркинг просторот кај кулите бр.42 и 45, моја констатација е дека има недоразбирање помеѓу куќните совети за тоа што е приоритет и потреба, со оглед на тоа што бев таму и поразговараме и можеше уште изминатата година тоа да се реши. Таму сме решение да направиме два паркинзи. Едниот паркинг кај кулата бр.45 каде има доволно простор и спроти црквата на отворениот простор, има две површини кои се во сопственост на РМ, кои се определени од наша страна за таа намена. Тоа напролет ќе биде приоритетно за работа.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

За решавање на овој проблем со тесното грло на улица Тајмишка сепак мора да консултураме сообраќајни инженери, за да видиме како ќе биде идеално. Според мене кога се оди спрема улица Душан Тасковиќ треба да биде едносмерна улица, но сепак ќе оставам простор на стручните лица да определат што е најфункционално.

Член на Совет - **Ристо Донев** (коалиција "За подобра Македонија"):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Дали е добиена дозвола за ископ под пругата во н.м Трубарево ?;

2. Дали се подготвува проектна документација за изведба на атмосферска и фекална канализација за н.м Идризово и н.м Дрма и дали имате во план да се реновира просторијата на месната заедница ?;

3. Кога ќе започнат работите околу изведување на фекалната канализација во н.м Гоце Делчев, со оглед на тоа што е избрана фирма на 16.10.2017 година?;

4. Дали може да се воведе автобуската линија бр.42 од причина што имаме проблем со автобуските линии кон н.м Гоце Делчев ?;

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Дозвола за ископ под пругата во н.м Трубарево е добиена од МЖ. Уплатени се средствата за подземниот прокоп. Имаме избрано фирма а надзорот ќе го вршат од МЖ. Тоа што е направено во н.м Трубарево и од тоа што ќе следува во наредните 2-3 месеци ќе добиеме една функционална целина околу фекалната канализација која ќе заврши во р.Вардар.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Немаме ниту основни проекти за изведба на атмосферска и фекална канализација за н.м Идризово и н.м Дрма. Нема основни проекти за истата намена ниту за н.м Раштак, Булачани, Страчинци и Брњарци. Основните проекти се неопходни.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Избраната фирма не сакаше да започне со работа од причина што немаше издадено одобрение за градење. Фирмата не сакаше да работи без одобрение. Од тие причини тие се повлекоа. Сега треба да размислиме во кој правец ќе се движиме. Има основен проект и тоа не è проблем. Ако има потреба ќе се направи и ревизија на проектот. Деталите ќе ви го објасни службеникот Светислав Апостолов.

Претставник од општинската администрација - **Светислав Апостолов**:

За н.м Трубарево, колекторот ќе биде поврзан под железничката. Дел во тој колектор влегува и тој за фекалната за н.м Гоце Делчев. Направена е ревизија на проектот со мали забелешки и направени се корекции. Сега следи издавање на одобрение за градење од оштината. Се надевам дека до почеток на април треба да се аплицира за издавање на одобрение за градење. Во градежниот дневник на избраната фирма е наведена причината.односно дека поради немање на одобрение неможе да се продолжи со работите. За Чукур маало решението се подобри затоа што се поодалечени улиците и се одлучи на три места да има продор. За н.м Ергеле намам дадено налог да се прави, ако има потреба тоа треба веднаш да се стори, од причина што на 10 април завршува договорот со проектантската фирма. За ваша информација за колекторот во н.м Трубарево активностите се отпочнати уште од 2001 година, и сметам дека конечно тоа ќе се заврши оваа година, барем колекторот и главните линии.

**(одговор на <u>четврто</u> прашање)**

Околу проблемот со автобуските линиии кон н.м Гоце Делчев. Треба да се продолжи линијата 44 за 500 метри, што сметам дека не е проблем. Околу тие 4 линии треба да бидете попрецизни. Ќе поднесеме барање и ќе поразговараме со директорот на ЈСП - Скопје. Одлуката треба да ја донесе Советот на Град Скопје.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Мала сугестија до Градоначалникот. Порано имаше добра пракса УЗ и МЗ да имаат периодични состаноци со директорот на ЈСП - Скопје. Тогаш точно се утврдуваат приоритетите околу автобуските линии.

Член на Совет - **Милица Бубало** (коалиција предводена од СДСМ):

До Градоначалник на Општина Гази Баба

1. Кога ќе биде асфалтирана улицата Ордан Поп Јорданов и ќе се постави урбана опрема ?;

2. Дали се работи на ново сообраќајно решение за намалување на метежот на влезот во Град Скопје односно на Скопје - Исток, затоа што низ овој влез гравитираат 2/3 од населението од општината и од околните општини ?;

3. Дали се планира проширување и реконструкција на двата надвозници што гравитираат према Општина Петровец кои се пропаднати и немаат пешачки патеки за граѓаните ?;

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Улицата Ордан Поп Јорданов во населба Маџари ако мене лично ме прашате јас би ја оставил со калдрма како нешто автентично. Тоа што таму треба да се стори е да се решат тротоарите од двете страни и секако да се постави урбана опрема.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

Влезот на Скопје е во надлежност на Град Скопје во делот на булеварот Александар Македонски (потег Агросервис - клучка Дијамант). Покрај двете ленти кај Агросервис се предвидува и трета лента од таму до клучка Дијамант од десна страна. Треба да се решат двата надвозници и тоа едниот кај СУГС Коце Металец кај Факом и вториот е кај Дијамант спрема Бутел за да се добие нова трета лента. Втора алтернатива е да се одземе од зелениот појас за да се прошират лентите. Трета алтернатива е на зелените површини да се направи како "Т" со нови жични линии, како подобро решение за поефикасен превоз.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Двата надвозници се во надлежност на Агенцијата за магистрални и регионални патишта и ние како општина тука немаме надлежност. Факт е дека ништо не è вложено повеќе од 30 години.

Член на Совет - **Слаѓана Симеонова-Василковска** (коалиција предводена од СДСМ):

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

1. Дали ќе биде реконструирана улицата Перо Наков ?;

2. За улицата Петре Филиповски - Гарката која води до ООУ Наум Наумовски-Борче. До каде е постапката со изградбата на паркинг, или дали има можност таа улица да биде еднонасочна ?.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Улицата Перо Наков според моите информации не се планира за оваа година, освен нашата обврска да се отпочне со решавање на ударните дупки. Тоа е улица која е предизвик и за мене како Градоначалник и истата е во најлоша состојба.

**(одговор на <u>второ</u> прашање)**

За Петре Филиповски - Гарката службеникот Светислав Апостолов има обврска да се изготви инфраструктурен проект кое би содржел собраќајно решение, паркирање односно истото ќе значи и нормално функционирање.

Член на Совет - **Дејан Димитровски** (коалиција предводена од СДСМ):

<u>До раководител на сектор за инспекциски работи - инспекторат</u>

1. Барам информација од секторот за инспекциски работи - инспекторат за работите од негова надлежност (каде е работено во последниот период и колку мандатни казни се изречени ?;

<u>До Градоначалник на Општина Гази Баба</u>

2. Дали ќе се реши проблемот со паркирањето на улица Благоја Стефковски кај Стопанска банка и дали како општина имаме законски надлежности околу издавање на деловни простории ?;

3. Дали може да добиеме информација околу текот на постапката за обештетување на земјоделците од штетите настанати од елементарната непогода од 06.05.2018 година ?.

Претставник од општинската администрација - **Трајан Петровски**:

**(одговор на <u>прво</u> прашање)**

Деновиве ќе доставиме годишен извештај за 2108 година. Рокот за доставување е 31 март. Од овој викенд воведуваме работа и за време на викенди, ќе има дежурна инспекциска служба на терен, исто и три пати во неделата ќе се воведе и втора смена на работа. Се работи за период кога најчесто се сторуваат прекршоци, односно тоа е за време на викенди и секојдневно после 16 часот. Имаме постојана комуникација со останатите инспекциски служби како од Град Скопје така и со општините во Град Скопје, се координираме, превземаме заеднички активности и решаваме заеднички проблеми. Во годишниот извештај кој ќе ви биде доставен ќе имате податоци и за вкупен број на изречени мандатни казни во текок на 2018 година. Добра е идејата и за посебен мобилен телефонски број за пријавување на проблеми од аспект на животната средина. Во нашата работа е особено важно на лице место да се затекнат сторителите при извршување на прекршоците. Се работи на измени на Законот за инспекциски надзор, како и на сосема нов закон за комунална полиција, со зголемени ингеренции на инспекциската служба и на комуналните редари. Сега имаме реален проблем, несмееме ниту да ги

леготимираме ниту да побараме лична карта од сторителите, затоа што во овој момент согласно законите, немаме право на тоа. Таков закон за комунална полиција има во Р.Србија и Р.Хрватска. Исто така не треба да се заборави дека општината има многу голема територија а ние немаме доволно службеници за да се покрие секогаш и секаде. Од тие причини потребна е многу поголема соработка и со граѓаните. Потребно е навремено да се пријавуваат сторителите.

Претседател на Совет - **Тони Бојковски**:

Повторно доаѓаме на она што пред неколу седници го истакнав, а тоа е дека имаме недостаток од комунални редари. Посебно сега со сменското работење и работење за време на викенди, неопходно е да се зголеми нивниот број. Многу е важна и соработката на граѓаните не само со инспекциската служба туку генерално со општинската и градската администрација. Имаме проблем со тоа што секогаш се дознава името на оној што пријавува. Тие луѓе потоа имаат големи проблеми и закани. Од тие причини барав присуство и на командирот на ПС од ОН и покрај тоа што нема материјал за расправа. Сепак и во делот на советничките прашања е добро тој да присуствува. Во најава имам и пријава за вербален напад кон мене како Преседател на Советот, но тоа зависи од мојата проценка.

Градоначалник на Општина Гази Баба - **Борис Георгиевски**:

Недостасуваат и комунални редари но и добри законски решенија со поголеми овластувања, кои не зависат само од нас. Она што можам да го ветам е со употреба на сите алатки кои ни стојат на располагање како општина, да ги откриваме сторителите со помош на техниката. Во оваа насока може од корист да биде и воспоставениот ГИС како прва општина во Град Скопје, како и при поставување на новите светилки од најнова генерација со вградени камери кои многу ќе придонесат за безбедноста на општината и ќе послужат за прибавување на информации за сторители на прекршоци и други дела во еден единствен диспечерски центар на оштината. Тој центар ќе послужи за прибирање и на ред други информации потребни за општината.

**(одговор на <u>трето</u> прашање)**

Околу обештетување на земјоделците од штетите настанати од елементарната непогода од 06.05.2018 година сите разлики се надминати и ажурураните податоци се предадени во владината комисија. Процентот на обештетување ќе биде до 30%. Околу августовските штети не е изготвен елаборатот. Потребно е да се промовира кампања за субвенционирање на осигурувањето на посевите за оние земјоделци кои не се во состојба сами да си платат. Треба да излезат во пресрет и осигурителните компании. Истото се однесува и на субвенционирање на домовите на граѓаните. Треба да ги применуваме современите европски практики. Тие осигурителни компании се створени во минатото кога токму тие имале проблеми со пожари, поплави итн. Исто така треба да се применуваат и современите практики каде во секое село си има доброволци за локализирање на пожари. Тие доброволно се вклучени без никаков надоместок.

Член на Совет - **д-р Сашо Кутлешовски** (коалиција "За подобра Македонија"):

Околу постапката за обештетување на земјоделците, проблемот е што од владината комисија инсиситираа и податоците за земјоделски култури и податоците

за штети на градежни објекти да бидат во едно. Нашата (*општинската*) комисија ја заврши својата работа во предвидениот рок. Елаборатот беше целосен и сеопфатен. Доставени се и дополнителни девет табели на барање на владината комисија за проценка на штети. Тоа е доплнителен ангажман за мене како претседател на комсијата. Во одлуката за формирање на општинските комисии јасно се наведени и законски рокови до кога треба да се постапи. Околу августовските штети, ние како општинска комисија ја завршивме постапката во утврдениот рок, извршен е увид и изготвени се сооодветни записници, но морам да истакнам дека ќе биде потребно општината да си најде овластен проценител кој би се нафатил бесплатно да ги врши работите на проценка и изготвување на елаборати, како за августовските штети така и за сите идни штети. Ние како општинска комисија немаме обврска да изготовуваме елаборати.

Дневниот ред беше исцрпен, Претседателот на Советот - **Тони Бојковски** ја заклучи Дваесет и втората седница на Советот на Општина Гази Баба, во 18,15 часот.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Тони Бојковски**